Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ЕДУКАЦИЈА

## 2025 година

Извештај за спроведената програма за едукација за јавните набавки за 2025 година

Одделение за едукација - Сектор за нормативна дејност, едукација и меѓународни односи

# 1. ВОВЕД

Јавните набавки се општо прифатени како една од владините стратешки активности, преку која се постигнуваат одредени опшествените цели, како на пример: добивање на “најдобра вредност за парите” при набавката на стоки, услуги и работи, поддршка на малите и средни претпријатија (МСП), стимулирање на иновативноста на пазарот и постигнување на одржлив развој и промовирање на етичко однесување и одговорно деловно однесување.

Динамичните глобални трендови ги прават јавните набавки посложени од кога било досега, барајќи посложен сет на вештини за службениците за јавни набавки кои ги спроведуваат постапките за јавни набавки. Капацитетот на лицата за јавни набавки е клучен елемент на стабилен систем за набавки кој обезбедува ефикасност и вредност за парите во користењето на јавните средства. Затоа, професионализацијата на работната сила за јавни набавки е приоритет во реформите за јавни набавки во земјите. Иако во последниве години се забележани големи подобрувања, потребни се понатамошни мерки и активности.

Бирото за јавни набавки и во текот на 2025 година, согласно со своите законски надлежности продолжи да организира и врши едукација на службеници и на други стручни лица во врска со јавните набавки. Преку едукацијата за јавни набавки, се зајакнува капацитетот на договорните органи и деловната заедница, односно континуирано се подобруваат теоретските и практични знаења, вештини и компетенции на службениците и на другите стручни лица, со цел да се обезбеди транспарентно, стручно, економично, ефикасно и ефективно спроведување на постапките за јавни набавки на сите нивоа.

# 2. ПРАВНА РАМКА

Планирањето, организирањето и спроведувањето на едукацијата за јавни набавки, како и подготовката и спроведувањето на писмениот испит и издавање на потврди за положен испит за лице за јавни набавки, е во надлежност на Бирото за јавни набавки.

Едукацијата за јавни набавки во текот на 2025 година, се организираше и спроведуваше врз основа на Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година, а согласно со:

- Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21 и 14/25);
- Правилникот за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот, начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21 и 14/25);
- Годишниот план за реализација на едукацијата за јавни набавки за 2025 година бр.11-1932/1 од 29.11.2025, бр.11-998/1 од 06.05.2025 и 11-998/2 од 01.10.2025;
- Тарифникот за висината на надоместоците за едукација за јавни набавки („Службен весник на РСМ" бр.64/19);
- Интерно упатство за подготвување и спроведување на едукацијата за јавни набавки бр. 11-287//2 од 02.02.2024, бр.11-287/4 од 15.05.2024;
- Интерно упатство за подготовка и спроведување на обука за обучувачи за јавни набавки бр. 11-287/2 од 02.02.2024, бр.11-287/4 од 15.05.2024, и
- Етичкиот кодекс на однесување при спроведување на едукацијата за јавни набавки бр.11-1958/1 од 03.11.2023.

# 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

За успешно реализирање на едукацијата за јавни набавки, Бирото донесува годишен план со кој се утврдува бројот, временскиот распоред, видовите на обуки според наставни програми кои се планира да се спроведат во тековната година и се определуваат термините за полагање на редовните и поправните писмени испити.

По донесување на годишниот план за 2025 година, истиот до 10 јануари од тековната година се објави на веб-страницата. Објавувањето на годишниот план претставува повик врз основа на кој заинтересираните лица, електронски преку веб-страницата на Бирото, во делот Едукација - Пријавување за обуки, пополнуваат пријава за учество на обуката во избраниот термин.

Во текот на 2025 година, беа спроведени обуки за едукација врз основа на Програмата за едукација според следните наставни програми:

- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки – (обука за сертификација),
- Наставна програма за обука на лица за јавни набавки за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки – (обука за ресертификација) и

Едукацијата за јавни набавки се спроведе со обучувачи, а секој обучувач при спроведување на обуката има обврска да:

– користи модерни наставни техники а материјалите да ги подготви согласно Програмата за едукација и соодветната наставна програма,
– ги прикачи на својот профил материјалите најдоцна 3 дена пред денот на одржување на едукацијата,
– го спроведе предавањето во определеното време и место утврдено во договорот,
– ја презентира содржината на материјалите на разбирлив начин со интерактивен пристап кон учесниците,
– да комбинира теоретско-практичен пристап, преку анализа на случаи од практиката,

– изработи најмалку три практични вежби за делот кој го предава и истите да ги усогласи со практичните вежби на останатите обучувачи кои предаваат во истата обука и
– да изработи најмалку 10 прашања за проверка на знаењето на учесниците, за делот/вите за кои бил ангажиран да предава.

Обуките беа спроведени со физичко присуство во просториите на Бирото за јавни набавки.

## 3.1. Податоци од спроведените обуки

Во текот на 2025 година, се спроведоа вкупно 25 обуки и тоа:

– 13 обуки за сертификација, чиј вкупен број на слушатели изнесуваше: 260
– 12 обуки за ресертификација, чиј вкупен број слушатели изнесуваше: 253

Графикон бр. 1




## 3.2. Писмен испит

По завршување на обуката, учесниците полагаа писмен испит за проверка на стручната оспособеност.

Право на полагање на испит имаат учесниците кои биле присутни на најмалку 80% од пропишаното времетраење на обуката. Писмениот испит се состои

од 40 прашања со 4 понудени одговори, од кој еден е точен, а секој точен одговор носи 2,5 поени. Испитот се полага за времетраење од 45 минути, на електронскиот систем за едукација и се положува со освоени минимум 70 бода.

Доколку учесникот не го положи испитот во утврдениот термин за полагање, истиот ќе може да полага поправен испит во термин кој исто како и писмениот испит е определен согласно годишниот план за реализација на едукацијата.

При тоа, доколку учесникот не освои доволен број на поени и на поправниот испит, се смета дека не го положил испитот и нема повеќе право да полага.

Во овој случај, потребно е учесникот повторно да се пријави на обука за стекнување на потврда за лице за јавни набавки по прв пат.

Од вкупниот број на учесници во текот на 2025 година, во термините утврдени за редовен и поправен испит положиле вкупно:

- За стекнување на потврда за лице за јавни набавки по прв пат, 182 учесници
- За продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки, 230 учесници

Графикон бр. 2




Согласно горенаведеното, во текот на 2025 година, од вкупно 513 учесници кои присуствувале на обуки за Сертификација и Ресертификација, испитот го положиле 412 учесници или 80,31%.

Доколку се анализира процентот на учесници кои по ислушана обука за Сертификација, го положиле писмениот испит, ќе се заклучи дека од вкупно 260

учесници, 182 од нив се стекнале со потврда за лице за јавни набавки или процентуално 70%.

Доколку се анализира процентот на обука за Сертификација од вкупно 260 учесници, 182 од нив се стекнале со потврда за лица за јавни набавки или процентуално 70%.

Додека кај учесниците кои го поминале процесот на едукација за Ресертификација е значително повисок, односно од вкупно 253 учесници, 230 од нив ја продолжиле важноста на потврдата за лица за јавни набавки или процентуално 90.91%.

## 3.3. Генерална статистика

На графиконот бр.3 е прикажана генерална статистика за 2025 година, по број на пријавени учесници на обуки, број на учесници кои присуствувале на истите, како и број на учесници кои го положиле писмениот испит, како редовен, така и поправен.

Графикон бр. 4




Во прилог на графиконот е прикажана генерална статистика на бројот на одржани обуки, согласно Годишните планови за реализација на едукацијата за јавни набавки за договорни органи и други стручни лица.

Графикон бр. 5




## 3.4. Анкетни прашалници

Евалуацијата на обуките се врши од страна на учесници преку Електронскиот систем за едукација, по пат на пополнување на анкетни прашалници. Анализата на прашалниците ја врши Одделението за едукација со цел да утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на обучувачите и наставните материјали.

Исто така, учесниците преку пополнување на посебен образец го оценуваат квалитетот на предавањето и знаењето на обучувачот со оценка од 5 до 10, при што 5 е најниска, а 10 највисока оценка.

Врз основа на добиените податоци и нивната анализа, одделението за едукација предлага преземање на одредени мерки за подобрување на квалитетот на идните обуки и осмислува и подготвува нови програми за обука.

Податоците од прашалниците се користат за интерни потреби на Бирото, и истите не се објавуваат на интернет страницата на Бирото.

Согласно податоците од Електронски систем за едукација, почнувајќи од 01 јануари па до 31 декември 2025 година, од вкупно 260 слушатели кои ја посетиле обуката за сертификација и 253 учесници кои што ја посетиле обуката за

ресертификација за овој период, одговор на доставениот Анкетен прашалник доставиле сите учесници.

Согласно направените анализи, просечна оценка за обуките за сертификација и ресертификација е 9.74.

# 4. ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ЕДУКАЦИЈА

Почнувајќи од 2012 година, едукацијата за јавни набавки се спроведува преку електронски систем за едукација. Преку овој систем се врши пријавување за учество на обуката во избран термин, по оформување на група од учесници за определен термин се поканувaат обучувачите, обучувачите кои ја прифатиле поканата пред предавањето ги прикачуваат презентацијата и вежбите кои ќе ги работат со учесниците, учесниците се регистрираат и ги преземаат презентациите од обучувачите, ги оценуваат обучувачите и да ја евалуираат целата обука, и го полагаат писмениот испит.

Дополнително, почнувајќи од 1-ви април 2023 година, во употреба е нов Електронски систем за едукација, кој за разлика од претходно е модернизиран, дигитализиран, унапреден и со зголемена транспарентност.

Во новиот систем се имплементирани и нови функционалности со цел олеснување на целиот процес на едукација на учесниците.

Електронскиот систем за едукација, има воспоставено Регистар на сертифицирани лица за јавни набавки и Регистар на сертифицирани обучувачи за јавни набавки кои се јавно достапни на следниве линкови:

- Регистар на сертифицирани лица за јавни набавки
- Регистар на сертифицирани обучувачи за јавни набавки

# 5. ПРЕПОРАКИ

## 5.1. Генерални препораки од ЕУ

Постојаните растечки очекувања и постојаните фискални притисоци ги принудуваат системите за јавни набавки да демонстрираат ефикасно, ефективно и навремено користење на парите на даночните обврзници. Истовремено, динамичните глобални трендови ги прават јавните набавки сè посложена функција, барајќи повеќе вештини од службениците за јавни набавки. Од нив се очекува да имаат не само технички знаења и вештини во однос на регулаторната рамка, истражувањето и анализата на пазарот, изготвувањето тендерски документи, туку и управувањето со договорите и проекти.

Професионализацијата на лицата за јавни набавки сè повеќе се смета за клучна за да се обезбеди дека јавните набавки се спроведуваат во согласност со прописите и имаат за цел да се добие најдобра вредност за парите.

Професионализацијата е процес на зголемување на административниот капацитет, а во контекст на јавните набавки, „професионализацијата“ се однесува на обезбедување дека договорните органи ги поседуваат соодветните алатки и знаење за ефикасно спроведување на постапките за јавни набавки и склучување и реализирање на договорите со крајна цел да се обезбеди одржливост на набавените стоки, услуги и работи, а во исто време да се придонесе за целокупното спроведување на политиката за јавни набавки.

Неопходно е развивање и имплементирање на долгорочна стратегија за професионализација на јавните набавки, прилагодена на потребите, ресурсите и административната структура. Целта е да се привлечат, развијат и задржат вештини, да се фокусираат на перформансите и стратешките резултати и да се искористи максимално од достапните алатки и техники.За тоа говори и „Препораката“ од Европската Комисија (Official Journal of the EU L 259/28) од 3ти октомври 2017 година. (Building an architecture for the professionalisation of public procurement).

Во документот е наведено дека за да се воспостави ефективна политика за професионализацијата, треба да се направи сеопфатен стратешки пристап, и да бидат опфатени три комплементарни цели, и тоа:

- Развивање на соодветна архитектура на политики за професионализацијата, за да се постигне целта, потребна е политичка волја и влијание на високо ниво од клучните носачи на одлуки. Потребно е јасно да се дефинираат одговорностите и задачите на институциите на централно ниво, потребна е поддршка на национално, регионално и секторско ниво. Потребен е континуитет низ политичките циклуси и промовирање на институционалните структури кои што се одговорни за специјализација, агрегација и споделување на знаење.
- Човечки ресурси – подобрување и унапредување на обуките и развојот во кариерата на практичарите за јавни набавки (оние лица кои што се вклучени во постапки за јавни набавки во секое ниво), како и ревизори и службеници кои што се надлежни за надзор и контрола врз јавните набавки. Сето ова значи обезбедување и промовирање на искусен, квалификуван и мотивиран кадар, кој има можност за континуиран и професионален развој. Можност за следење на обуки од највисоко ниво, како и развивање структура на кариера и стимулации, со цел да се направи професијата за јавни набавки привлечна, а службениците да бидат мотивирани за да постигнат високи стратешки резултати.
- Системи- обезбедување на алатки и методологии кои што ќе обезбедат поддршка и професионална практика во работата и тренингот на службениците за јавни набавки. Системите треба да обезбедат поддршка, за да се дејствува ефикасно, а секоја набавка да ја задоволи својата цел т.е. да се добие најдобра вредност за потрошените пари. Сето ова значи и обезбедување на достапност на алатки и процеси за реализација на паметни набавки, како што се алатки за електронски јавни набавки, прирачници, упатства, стандардни модели на тендерски документации и технички спецификации, поддршка и експертиза, размена на добри практики и слично.

Сите препораки во документот на Европската комисија се упатени до земјите членки и до нивната јавна администрација, првенствено на национално ниво. Оттука, предвид треба да ги има, како и да се стреми кон нивна имплементација и Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во Европската Унија.

## 5.2. Препораки за едукацијата за лица за јавни набавки во Република Северна Македонија

Професионализацијата на работната сила за јавни набавки е од суштинско значење за да се осигури дека јавните купувачи имаат вештини, знаење и интегритет потребни за да ги извршуваат своите работи и задачи во согласност со законот и ефикасно, ефективно и на стратешки начин да се обезбеди најдобра вредност за парите на граѓаните.

Со професионализацијата треба да се постигне олеснување при регрутирање на кадрите, едукацијата и развојот на кариерата на сите засегнати лица, како и подобрување на нивото на компетентност на работната сила за јавни набавки во целина, со што јавните набавки како професија ќе биде поценета а со тоа и попривлечна.

Бирото за јавни набавки предлага да се воведат наменски обуки на лицата кои директно или индиректно извршуваат работи поврзани со јавните набавки со цел да се зголемат професионалните компетенции на лицата кои ги спроведуваат јавните набавки.

Се предлага соодветна измена на  Законот за јавните набавки, и промена на постоечкиот концепт на едукација преку воведување на наменски обуки. Овие обуки ќе овозможат континуирано усовршување и развивање на неопходните компетенции и вештини на лицата за јавни набавки со цел транспарентно, стручно, економично, ефикасно и ефективно спроведување на постапките за јавни набавки на сите нивоа.

Воедно континуирано ќе се модернизира и концептот за едукација според Наставната програма за обука на лица за јавни набавки (обука за сертификација).

Согласно горенаведеното, а од директно добиените коментари од страна на учесниците во процесот на едукација, се предлага:

1. Повеќе практични примери бидејќи им помагаат полесно да го совладаат материјалот.
2. Специјализирани обуки – кога би била донесена нова измена на Законот за јавните набавки (за подобро запознавање со одредбите од истата), обуки на одредени теми за кои им е потребно дополнително

усовршување имајќи ја предвид секојдневната работа која ја извршуваат во областа на јавните набавки.

Изработил: м-р Елена Рајковчевска
Проверил/Согласен: м-р Игор Димитровски
Одобрил: м-р Рита Глигоријевска

ДИРЕКТОР

д-р Маре Богева Мицовска